# А-5-
# МЕРКИ НА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

## Општо за Мерки на трговска политика

Мерки на трговска политика се утврдени нетарифни мерки воведени како дел од трговската политика, во форма на одредби кои го регулираат внесувањето, увозот и извозот на стоки, како што се надзор или мерки за заштита, количински забрани или ограничувања и забрани за внесување, увоз или извоз. Мерките на трговска политика представуваат збир на прописи кои ја регулираат трговијата со пооделен вид на стоки, а со цел да се обезбеди:

- заштита на националното стопанство од аспект на безбедноста на земјата и јаваниот морал
- зачувување на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина и природата
- заштита на националното богатство со уметничка, историска, или археолошка вредност,
- заштита на интелектуалната сопственост како и други области на заштита од областа на мерките на трговска политика

*Правна основа:* Царинскиот орган согласно Царинскиот Закон спроведувајки :

- царинска контрола и надзор ( член 4 алинеа 12 и 13, член 13);
- постапката на внесување на стоката во царинското подрачје (член 46 алинеа 3; 47 алинеа 1 );
- царинско дозволено постапување (член 68 став 2, член 83 т. 1)
- одземање на стока и уништување(член 85, 87 т 1, 2)
- пуштање на стоката во слободен промет (член 91)
- царинските постапки со економски ефект:
    - транзит (член 105 а); царинско складирање (член 110 а); увоз за облагородување ( член 128 а); извоз за облагородување ( член 158 т.2); слободни зони и слободни складови (член 176 и 181 т.2 в); повторен извоз (член 191 т.2)
- ослободување од плаќање на увозни давачки ( член 194 т.1)
- казнени одредби - прекршок ( член 263 т.8)

- како и Законот за Царинска упрва ( член 10 алинеа 9 ) е надлежен да ги применува мерките на трговска политика кои се пропишани со посебни закони при внесувањевање, увоз, извоз или транзит на стоки.

За правилно спроведување на прописите од областа на мерките на трговска политика повеќе надлежни институции или министерства, согласно пооделни закони имаат надлежност да издаваат дозволи, одобренија, атести или согласности за соодветветната царинска постапка.

Мерките на трговска политика се и одредни обврски кои произлегуваат од низа Меѓународни конвенции кои Република Македонија ги усвоила.

## А-5-1-Поделба на Мерките на трговска политика

### А-5-1-1 -Мерки на трговска политика кои се применуваат при преминување на границата-внесување

### А-5-1-2 -Мерки на трговска политика кои се применуваат во внатрешноста при пуштање на стоките во слободен промет (увоз )

### А-5-1-3 Мерки на трговска политика кои се применуваат во внатрешноста при извозот на стоките

# А-5-1-1

## Мерки на трговска политика кои се применуваат при преминување на границата - внесување

- **Производи од животинско потекло**
- **Растенија, средства за заштита на растенија, семенски материјал**
- **Минимално - технички услови кои треба да бидат исполнети при увоз на нафтени деривати**
- **Опојни droги и психотропни супстанции**
- **Прекурсори**
- **Отрови**
- **Животна средина**
- **Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје)**
- **Опасни материи**
- **Девизи и пари**

## Производи од животинско потекло

***Надлежност:*** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Ветеринарен инспекторат

***Документи:*** Потврда за извршен задолжителен преглед која ја издаваат надлежните органи

***Регулатива:*** Закон за ветеринарно здравство (Сл. весник на РМ бр. 28/1998)

- поопширно види во **А-5-2**

## Растенија, средства за заштита на растенија, семенски материјал

***Надлежност:*** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Инспекторат за заштата на растенија

***Документи:*** Потврда за извршен задолжителен преглед која ја издаваат надлежните органи

***Регулатива:*** Закон за заштита на растенијата (Службен весник на РМ бр. 25/1998; 6/2000), Закон за семенски материјал, саден материјал за размножување, признавање и заштита на сорта (Службен весник наРМ бр.41/2000)

- поопширно види во **А-5-3**

## Минимално - технички услови кои треба да бидат исполнети при увоз на:

нафтени деривати

***Надлежност***: Министерство за економија- Државен пазарен инспекторат

***Документи***: Записник за исполнување на минимално -технички усливи кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***: Закон за трговија (Сл. вес. на РМ 16/2004), Правилник за минимално -технички услови за деловните простории во кои се врши трговија (Сл. вес. на РМ 21/2004, 54/2004 и 79/2004)

- поопширно види во **А-5-4**

## Опојни дроги и психотропни супстанции

***Надлежност:*** Министерство за здравство

***Документи:*** Одобрение за превоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива:*** Конвенција за опојни дроги 1961, Конвенција за психотропни супстанции 1971, Закон за производство и промет на опојни дроги (Сл. лист на СФРЈ 13/91)

- поопширно види во **А-5-5**

## Прекурсори

***Надлежност:*** Министерство за здравство
***Документи:***Одобрение превоз кое го издаваат надлежните органи
***Регулатива:***Конвенција за опојни droги 1961, Конвенција за психотропни супстанции 1971, Закон за прекурзори ( Сл. весник на РМ 37/2004)

- поопширно види во **А-5-6**

---

## Отрови

***Надлежност:***Министерство за здравство
***Документи:***Одобрение за превоз кое го издаваат надлежните органи
***Регулатива:***Конвенција против илегална трговија со наркотични дроги и псохотропни супстанции 1988, Закон за промет на отрови (Сл.лист на СФРЈ бр. 13/91); Список на отрови кои може да се стават во промет (Сл.лист на СФРЈ бр. 58/82, 7/84, 9/86, 18/87, 33/88); Закон за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90).

- поопширно види во **А-5-7**

---

## Животна средина:

**производи со кои се загрозува животната средина и природата:**
- **отпадни, опасни, штетни и радиоактивни материи;**
- **заштитени диви животни и растенија*;***

***Надлежност*** **:** Дирекција за радијациона сигурност;
Министерство за здравство -РЗЗЗ(извори на јонизирачко зрачење);
Министерство за животна средина и просторно планирање (за опасен отпад, супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, загрозени диви животни и растителни видови);
***Документи:*** Одобрение за превоз кое го издаваат надлежните органи
Образец за прекугранично пренесување на опасен отпад издаден од надлежен орган
***Регулатива***: -Закон за заштита на животната средина и природата (Сл. весник на РМ бр. 51/00-пречистен текст, 96/00, 45/02, 13/03-пречистен текст), Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/2004)
-Закон за животна средина(Сл. весник на РМ бр. 53/2005)
-Закон за заштита од јонизирачки зрачења и за нуклеарна сигурност (Сл. весник на РМ бр. 48/02),
-Закон за отпадот (Сл. весник на РМ бр. 37/98),Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 68/2004)

-Базелска Конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово складирање (Сл. Весник на РМ бр. 49/97)

- Правилник за формата и содржината на образецот за прекугранично пренесување на опасен отпад (Сл. Весник на РМ бр.37/2003)

-Монтреалски протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка( 1994)

-Виенска конвенција за заштита на озонската обвивка( 1994),

-Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животни и растителни видови (Вашингтон 1973) (Сл.весник на РМ бр.82/99) (CITES)

-Конвенцијата за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа (Сл. весник на РМ бр. 49/97)

Закон за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90)

- поопширно види во **А-5-8**

## Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје)

***Надлежност*** **:** Министерство за внатрешни работи;

***Документи***: Одобрение за превоз кое го издаваат надлежните органи

***Регулатива***:-Закон за оружје ( Сл.весник на РМ бр. 7/2005); Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема (Сл. весник на РМ бр. 54/02);

Закон за прометот на експлозивните материи (Сл. лист на СФРЈ бр. 30/85, 6/89, 53/91 Сл. весник на РМ бр. 12/93 ) -Закон за заштита од експлозивни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 4/78, 10/78, 51/88, 36/90, 12/93)

-Конвенција за забрана на хемиско оружје (Сл.весник на РМ бр.23/97)

- поопширно види во **А-5-9**

## Опасни материи

***Надлежност*** **:** Министертво за транспорт и врски
Министерство за внатрешни работи,

***Документи:*** Одобрение/ дозвола за транспорт, увоз или извоз

***Регулатива:*** -Закон за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90)

-Конвенција за меѓународен превоз на опасни материи во патниот сообраќај АДР *( Службен весник на РМ бр. 8/94)*

- поопширно види во **А-5-10**

## Девизи и пари

***Надлежност:*** Министерство за финасии
***Документи:*** Потврда од банка, менувачница
***Регулатива:*** Закон за девизно работење(Сл. весник на РМ бр 34/2001; 49/2001; 54/2001; 84/2001; 103/2001; 54/2002; 70/2002; 77/2002 и 13/2003 и Закон за спречување на перење пари (Сл. весник на РМ бр 46/2004)

- поопширно види во **А-5-11**

## Производи од животинско потекло А-5-2

### A-5-2-1 Стоки кои подлежат на ветеринарна контрола на граничните премини

*Правен основ* Согласно Законот за ветеринарно задравство ( *Службен весник на РМ 28/1998*) на граничните премини се спроведува ветринарно- санитарна контрола и преглед од страна на Ветеринарни инспектори од Управа за ветеринарство, за стоки од животинско потекло од аспект на зрдавствената исправност на пратките, а со цел спречување на појава на заразни болести и епидемии .

### А-5-2-2 Видови на стоки кои подлежат на ветеринарно-санитарна контрола на граница при влез се следните стоки од животинско потекло :

- **пратки на животни, живина и риби**
- **производи, суровини и отпадоци од животни, живина и риби**
  - **секаков вид на месо, смрзнато, разладено или конзервирано; преработки од месо: салами, паштети, и друг вид на трајни и полутрајни производи**
  - **кожи, пердуви, изнутрици и друг вид отпадоци од животни**
- **млеко (свежо, пастеризирано, во прав, кисело и други преработки од млеко (путер, сирење, кашкавал, јогурт, павлака и др)**
- **пратки кои содржат состојки од животинско потекло**
  - **теста со месо; супи со месо; тестенини со месо(на пример кроасани, тортелини); мајонези; прашкасти производи со млеко ( сладолед); сирење, каштавал од животинско и растително потекло; сирило; лактози и казеин, готови јадења со месо, желатин наменет за фармацевтска индустрија; детска храна со месо и друг виид на стока од животинско потекло)**
- **јајца и производи од јајца**
- **мед и производи од мед**
- **семе за вештачко оплодување, оплодени јаце клетки и ембриони**
- **добиточна храна, храна за животни, суровини за храна за животни, крмива, премикси и друг вид компоненти од животинско потекло ( брашно од риба).**
- **шталско ѓубре**

## А-5-2-3 Постапување на царински орган

▪Секоја пратка која се пријавува за влез во земјата на граничната царинска испостава мора да се пријави на ветеринарниот инспектор на граничниот премин и не смее да отпочне царинска постапка без негово присуство.

▪Секоја пратка во тежина поголема од еден колограм задолжително треба да ја прати покрај вообичаените документи ( фактура, ЦМР и др) и **ветеринарно - санитарен сертификат за здравствената состојба на пратката** кој го издава надлежен орган за ветеринарно-санитарна контрола за производи од животинско потекло од земјата од каде штоа доаѓа пратката (односно земјата извозничка) односно **здравствен сертификат за пратката.**

▪Царинскиот орган не би требало да отпочне царинска постапка за овие стоки доколку од ветеринарно - санитарниот инспектор на граничниот премин не добие ***потврда за извршен задолжителен преглед***, која се издава со ставање потпис и печат за својот наод

▪Заради спречување на појава на ширење на определена болести или епидемии Министертвото за земјодество, шумарство и водостопанство може да донесе Наредба за забрана на увоз, транзит низ територијата на Република Македонија на одредени видови стоки од одредено подрачје, за што граничните царински испостави веднаш се известуваат.

▪На ветеринарно санитарен преглед не подлежат производите од животинско потекло во личниот багаж или во пакети со тежина до 1 кг наменети за лична употреба, ако потекнуваат од земја од каде не е забранет увоз и провоз. види **А-5-2-4**

▪Животни што се увезуваат за учество на спортски натпревари, циркуски и други приредби, изложби и саеми, кучиња и мачки и други миленици подлежат на ветеринарно санитарен преглед од страна на ветеринарните инспектори.

▪Доколку пратката со овој вид на стока нема потврда за извршен задолжителен преглед од ветринарен инспектор **треба да се врати во странство или да се отстапи заради уништување.**

## *А-5-2-4* Примена на мерки на ветеринатно - санитарен преглед и контрола за стоки кои ги внесуваат физички лица во патнички промет

**ВЕТЕРИНАТНО - САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛА**

Согласно Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ 28/1998), *производите од животинско потекло* кои ги внесуваат физички лица во Република Македонија, *во личен багаж или пратки или кои се испраќаат или примаат во пакети, наменети за лична потрошувачка*, **во тежина поголема од еден килограм**, **подлежат на ветеринарно - санитарен преглед и контрола**.

За пратките со тежина поголема од еден килограм, физичките лица задолжително мораат да имаат *сертификат за ветеринарно-санитарна состојба на пратката* што го издава надлежен орган за ветеринарно - санитарна контрола на производи од животинско потекло на земјата извозничка.

Тоа значи дека **не смее да се дозволи увоз и транзит** на производи од животинско потекло ( како на пример: сирење, кашкавал, сувомеснати производи и др) во **вкупна количина поголема од 1 килограм без извршена ветеринарно-санитарна контрола** од страна на ветеринарно-санитарен инспектор на граничниот премин. Царинскиот орган не смее да отпочне царинска постапка за овие стоки доколку од ветеринарно - санитарниот инспектор на граничниот премин не добие ***потврда*** *за извршен задолжителен преглед,* која се издава со ставање потпис и печат за својот наод.

При појава на **заразна болест** во некоја земја на ветеринано - санитарна контрола подлежат производите од животинско потекло во личен багаж на патниците и личен багаж на сопственикот на превозното средство, кој се внесува од таа земја, **дури и за количини помали од еден килограм**. Патниците и сопственикот на превозното средство се должни производите од животинско потекло во лижниот багаж да ги пријават на ветеринарниот инспектор на граничниот премин за да се изврши ветеринарно -санитарна контрола.

Царинскиот орган треба да ги извести физичките лица кои носат производите од животинско потекло во вкупна количина поголема од 1 килограм дека истите не може да се внесат Република Македонија без потврда за извршен задолжителен преглед од ветеринарно-санитарниот инспектор**. Во спротивно пратката треба да се врати во странство или да се отстапи заради уништување.**

**Шефовите на царинските испостави се должни да го договорат начинот на непосредна соработка со ветеринарно**

**санитарните инспектори заради правилно спроведувањье на постапката предвидена со ова упатство, и тоа посебно во делот на постапување во случаите кога ветеринарно-санитарните инспектори не се присутни на царинскиот премин, односно за начинот и местото на отстапување на стоките заради нивно уништување.**

## А-5-2-5 ВНЕСУВАЊЕ НА СТОКА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО СО ЖЕЛЕЗНИЧКИ ВАГОНИ

**А) Внесување на стока со железнички вагони преку железничка станица - Волково и Табановце за увозно царинење во царинското подрачје на Р. Македонија**

- **кога во некој од вагоните има стока од животинско потекло**

Ако во некој од пристигнатите железнички вагони во Трубарево, има стока од животинско потекло, таа стока не може да се пријави во Трубарево се додека **надлежниот ветеринарен инспектор не даде дозвола за увоз или за транзит** (согласно Законот за ветеринарно задравство, ). По добиеното одобрение од надлежните инспекции, за увоз или транзит, вагонот (и) се пријавуваат и по регистрацијата започнува некоја од бараната царински дозволената употреба или користење на стоката ( транзит, царинење и др.).

**Б) Внесување на стока со вагони, кога целата железничка композиција (сите вагони со стока) се наменети за транзит преку царинското подрачје на Р Македонија**

- **кога во некој од вагоните има стока од животинско потекло:**

б) Кога во некој од вагонот(и) од целата композиција наменета за транзит, има **стока од животинско потекло**, која подлежи на контрола согласно Законот за ветеринарно задравство (*Службен весник на РМ бр.* 8/1998) во тој случај целокупната постапка се спроведува во гранична испостава железничка станица Табановци, односно се спроведува инспекциската контрола од ветеринарниот инспектор, кој доаѓа на повик од страна на железничката компанија. (*согласно заклучоците од состанокот во Министерството за транспорт и врски од 18.11.2004 година*). По одобрениот транзит од страна на ветеринарниот инспектор, целата композиција се упатува до одредишната царинска испостава железничка станица Гевгелија.

Доколку нема ветеринарен инспектор, композицијата се упатува во царинската испостава Трубарево. **Без ветеринарно одобрение стоката со целата композиција не смее да се упати кон царинската испостава железничка станица Гевгелија.**

Во случај кога железничката композиција влегува на царинска испостава железничка станица Волково, ако целата

композиција е наменета за транзит, а притоа има **стока од животинско потекло**, во тој случај ветеринарната контрола ќе се спроведе на железничка станица Волково, од страна на ветеринарен инспектор.

Кога железничка композиција со вагони во кои има стока од животинско потекло транзитира низ царинското подрачје на Р. Македонија, при влезот на граничната **железничка станица Гевгелија** ќе се спроведе ветеринарната контрола од страна на надлежните инспекциски органи. **Без ветеринарно одобрение, не смее да се упати во транзит предметната стока кон излезна царинската испостава железничка станица Табановце односно Волково.**

## Растенија, средства за заштита на растенија, семенски материјал А-5-3

### А-5-3-1 Стоки кои подлежат на фито-санитарна контрола на граничните премини

**Фито - санитарна контрола на граница**

Сорласно Закон за заштита на растенијата (*Сл. весник на РМ бр. 25/98, 6/00*), Закон за здравјето на растенијатаа (*Сл. весник на РМ бр. 29/2005*), Закон за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање и одобрување на заштита на сорта (*Сл. весник на РМ бр. 41/ 2005*) на граничните премини се спроведува **задолжителен здравствен фито- санитарен преглед и контрола** од страна на фито - санитарни инспектори за растенија, од аспект на зрдавствената исправност на пратките, а со цел спречување на појава на заразни болести и епидемии.

### *А-5-3-2* Видови стоки кои подлежат на задолжителен фито-санитарен преглед при внесување:

- **живи растенија, семе и посаден материјал ( расад, луковици, и др.)**
- **растителни делови, свежи и суви ( сечено цвеќе, гранки со лисја, лековити билки, мирудиски и ароматични растенија и др.)**
- **растителни плодови, овошје, горзје, плодови на шумски и самоникнати растенија и преработки (брашно, гриз, цигари ...)**
- **влакна од предивни растенија и нивни отпадоци**
- **амбалажа од растително потекло (дрво, слама,мов, лисја, рогозина ..)**
- **режана граѓа и производи од шумарство и дрвна индустрија (огревно дрво,трупци, фурнир, паркет)**
- **добиточна храна од растително потекло (сено, слама, маслени погачи, мешавина на добиточна храна, палети )**
- **земја, остатоци од замја на растителни делови**
- **печурки (свежи и суви)**
- **хемиски средства за заштита на растенија од болести и штетници (инсектициди, фунгициди)**

## А-5-3-3 Постапување на царински орган

- Здравствена контрола на овие стоки во прометот преку државната граница врши Фитосанитарната Управа во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство -Служба за заштита на растенија, **без оглед на количината на овие стоки. види А-5-3-4**

- За овој вид на стоки **не би требало да се дозволи внесување и транзит** на *ваков вид на стоки* (**без оглед на нивната количина) без извршена фито-санитарна контрола** од страна на инспекторот за заштита на растенијата на граничниот премин.

- Царинскиот орган не би требало да отпочне царинска постапка доколку од инспекторот за заштита на растенијата на граничниот премин не добие ***потврда за извршен задолжителен преглед,*** која се издава со ставање потпис и печат за својот наод**.**

- Владата на Република Македонија со Одлука определува гранични премини на кои ќе се врши увоз, извоз и транзит на растенија, производи на растенија, растителни производи и средства за заштита на растенија (Сл. весн. на РМ бр. 49/98, 1/1999; 52/99, 34/2000).

- Заради спречување на појава на ширење на определени болести или епидемии Министертвото за земјодество, шумарство и водостопанство може да донесе Наредба за забрана на увоз, транзит низ територијата на Република Македонија на одредени видови стоки од одредено подрачје, за што граничните царински испостави веднаш се известуваат.

- При транзит на растенија и растителни производи здравствен преглед не е задолжителен ако се затворени, односно пакувани на начин кој не дозволува пренос на зараза (контејнерски пратки). Доколку пратките не се затворени или пакувани, а истите транзитираат низ земјата или истите се претовараат во тој случај се спроведува фито-саниртарна контрола односно, пратката мора да ја прати фитосанитарен сертификат.

- При извоз на растенија и растителни пориизводи здравствен преглед е задолжителен само во случаите кога земјата увозничка или земјата на транзит тоа го бара.

- Доколку пратката со овој вид на стока нема *сертификат за здравствена состојба, односно фито-санитарен сертификат* и за истата нема потврда за извршен задолжителен преглед од фито-санитарен инспектор **треба**

**да се врати во странство или да се отстапи заради уништување.**

## *А-5-3-4* Примена на мерки на фито - санитарен преглед и контрола за стоки кои ги внесуваат физички лица во патнички промет

**ФИТО - САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛА**

Согласно Законот за заштита на растенија (Службен весника на РМ бр. 25/1998) и Законот за семенски материјал, саден материјал за размножување, признавање и заштита на сорта (Службен весник на Република Македонија бр. 41/ 2000) е предвиден **задолжителен здравствен преглед на семенскиот материјал од инспектор за заштита на растенија** на граничниот премин **без оглед на количината на овие стоки**.

Дополнително е предвидено дека увозот на семенски материјал може да се изврши исклучиво со **одобрение од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство** со кое се потврдува дали е во сортна листа и со пропишана декларација за квалитет.

Физичките лица може да внесуваат семенски материјал **само во количина која може да има третман на стока од некомерцијален вид за употреба во домаќинството**. Со оглед на тоа што се работи за стоки кои пристигнуваат во мали пакувања за утврдување на количините на семенски материјал кои би имале третман на стока од некомерцијален вид потребно е да се зголеми соработката со инспекторите за заштита на растенијата на граничните премини.
Тоа значи дека **не смее да се дозволи внесување и транзит** на *семенски материјал* на физички лица (**без оглед на нивната количина) без извршена фито-санитарна контрола** од страна на инспекторот за заштита на растенијата на граничниот премин и без **одобрение од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство**. Царинскиот орган не смее да отпочне царинска постапка доколку од инспекторот за заштита на растенијата на граничниот премин не добие ***потврда*** *за извршен задолжителен преглед,* која се издава со ставање потпис и печат за својот наод .
Царинскиот орган треба да ги извести физичките лица кои носат семенски материјал дека истите не може да се внесат Република Македонија потврда за извршен задолжителен преглед од ветеринарно-санитарниот инспектор и без одобрение од Министерството за земјоделство шумарство водостопанство. **Во спротивно пратката треба да се врати во странство или да се отстапи заради уништување.**

Шефовите на царинските испостави се дожни да го договорат начинот на непосредна соработка со инспекторите за заштита на растенијата заради правилно спроведувањње на постапката предвидена со ова упатство, и тоа посебно во

делот на постапување во случаите кога инспекторите за заштита на растенијата не се присутни на царинскиот премин, односно за начинот и местото на отстапување на стоките заради нивно уништување.

## А-5-3-5 ВНЕСУВАЊЕ НА СТОКА ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО СО ЖЕЛЕЗНИЧКИ ВАГОНИ

**А) Внесување на стока со железнички вагони преку железничка станица - Волково и Табановце за увозно царинење во царинското подрачје на Р. Македонија**

- **кога во некој од вагоните има стока од растително потекло**

  Ако во некој од пристигнатите железнички вагони во Трубарево, има стока од растително потекло, таа стока не може да се пријави во Трубарево се додека **надлежниот фитосанитарен инспектор не даде дозвола за внесување или за транзит** (Законот за заштита на растенија и Законот за семенски материјал, саден материјал за размножување, признавање и заштита на сорта). По добиеното одобрение од надлежните инспекции, за внесување или транзит, вагонот (и) се пријавуваат и по регистрацијата започнува некоја од бараната царински дозволената употреба или користење на стоката

  ( транзит, царинење и др.).

**Б) Внесување на стока со вагони, кога целата железничка композиција (сите вагони со стока) се наменети за транзит преку царинското подрачје на Р Македонија**

- **кога во некој од вагоните има стока од растително потекло:**

  а) Кога во некој од вагоните од целата композиција наменета за транзит, има **стока од растително потекло,** која подлежи на контрола согласно Законот за заштита на растенија (*Службен весник на РМ бр.* 25/1998), Законот за семенски материјал, саден материјал за размножување, признавање и заштита на сорта (*Службен весник на РМ бр.* 41/2000) фитосанитарната контрола се спроведува на излезот од царинското подрачје на Р. Македонија односно во гранична испостава железничка станица Гевгелија**.** (*согласно дописот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, акт број 10-8614/3 од 06.11.1998 година*).

- Кога железничка композиција со вагони во кои има стока од растително потекло транзитира низ царинското подрачје на Р. Македонија, при влезот на граничната железничка станица Гевгелија ќе се спроведе фито санитарната контрола од страна на надлежните инспекциски органи. **Без фито санитарно одобрение, не смее да се упати во транзит предметната стока кон излезна царинската испостава железничка станица Табановце односно Волково.**

## Минимално - технички услови кои треба да бидат исполнети при увоз на: нафтени деривати

## А-5-4

- Согласно Законот за трговија ( *Сл. Весник на РМ бр. 16/2004*) и Правилникот за минимално технички услови (*Службен весник на РМ бр. 21/2004, 54/2004 и 79/04*) според кои увозникот треба да исполнува одредени пропишани услови за да се одобри влез на нафта и нафтени деривати во земјата, Пазарна инспекција е надлежен орган за контрола на минимално техничките услови. Царинската Управа на основа на писмена информација од Пазаната инспекција дава одобрение за внесување на нафтени деривати и писмено ги исвестува сите гранични царински испостави. Царинската Управа води евиденција на сите увозници кои добиле одобрение за внесување на нафтени деривати.

- Со Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр 47/97,40/99,94/02,38/03 и 40/05) Регулаторна комисија издава лиценци за секое правно лице кое ќе се занимава со трговија или складирање ( увоз, извоз и складирање) на нафта и нафтени деривати.

## Опојни дроги и психотропни супстанци А-5-5

*Правен основ* Прометот со дроги и психотропни супстанци е регилиран соглано Законот за производство и промет на опојни дроги (Службен весник наСФРЈ 12/91), како и согласно Законот за лекови**,** помошни средства и медицински помагала (Сл. весник на Република Македонија број 21/1998).

### А-5-5-1 Поим

Под опојните дроги и психотропни супстанци се супстанци, природни или вештачки, соли и препарати изработени врз основа на овие супстанци, со чија употреба може да се создадат состојби на зависност, што може да предизвиката оштетување на на здравствената состојба или на друг начин може да го загрози човечкиот интегритет.

Под промет на опојни дроги и психотропни супстанци се подразбира увоз, извоз, транзит и складирање.

**А-5-5-2** Производство и промет на опојни дроги и психотропни супстанци може да врши исклучиво само за медицински, ветринарни, лабараториски, научни и наставни цели само врз оснаова на **дозвола /одобрение од Министертво за здравство.**

Списокот на опојни дрогите и психотропните супстанци е даден во прилог 2 од Прирачникот за царинење. Опојнирте дроги и психотропни супстанци се вклучени во листите на Конвенцијата за опојни дроги од 1961 година и на Конвенцијата за психотропни супстанци од 1971 година.

Со оглед на тоа што во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз, готовите лекови врз база на опојни дроги и психотропни супстанци при извоз не се опфатени, а со цел да се почитува горенаведениот Закон и конвенциите, **потребно е** и при увоз/ внесување/извоз на лекови кои содржат опојни дроги да биде **задолжително приложено одобрение/ дозвола** од Министерството за здравство.

## Упатство за примена за Законот за прекурзори

**А-5-6-1** Законот за прекурзори *(Службен весник на РМ бр. 37/2004)* го регулира системот на контролата и следењето на производството и прометот со прекурзорите, со цел да се спречи злоупотреба на прекурзорите за нелегално производство на опојни дроги и психотропни супстанци, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание на прекурзорите.

- "**Прекурзор**" согласно Законот е класифицирани супстанци и смеси кои ги содржат овие супстанци, како и производите од природно потекло, од кои лесно се екстархираат (извлекуваат) прекурзорите, во кои не спаѓаат лековите, фармацевтските препарати или други препарати што содржат прекурзори.
- Прекурзорите се распоредени во три категории според прилогот даден кон ова упатство.

Дел од прекурзорите во втората и третата категорија се распоредени во групата на отрови, што значи дека за нив ќе се применуваат и одредбите од Законот за промет на отрови.

- Пекурзори може да се ***увезуваат*** (физичко да се внесуваат во земјата), ***извезуваат*** (физичко да се изнесуваат од земјата) и ***транзитираат*** ( да се транспортираат меѓу други земји преку територија на Република Македонија, без било каков претовар) само врз основа на **дозвола издадена од Министерството за здравство.**

Дозволата за увоз, извоз или транзит се доставува до надлежниот царински орган при поднесување на соодветната царинска декларација ( ЕЦД за увоз, извоз или транзит или ТИР Карнет). Во царинската декларација се наведува забелешка дека кон неа е приложена дозвола за прекурзори.

### А-5-6-2 *Активности на граничните царински испостави (на влез или излез)*

***А-5-6-2-1*** ***при ( внесување) во земјата***

Надлежниот царински орган ( влезната граничната царинска испостава) ја проверува презентираната *оригинална дозвола за увоз* и ја споредува со другите приложени документи кон транзитната царинска декларација. Доколку нема забелешки и неусогласености истата ја заверува ( со број на транзитна царинска декларација, датум и печат) и заедно со другите приложени документи, се праќа со делот од транзитната царинска декларација која ја прати стоката до внатрешната царинска испостава. Ако кон транзитната декларација не е приложена дозвола за увоз на прекурзори не смее да се дозволи нивно внесување во Република Македонија.

Согласно членот 7 од законот за прекурзори **не смее да се дозволи ниту привремено чување и ниту складирање** на истите во царински склад од било кој тип и треба веднаш да се започне постапка за увозно царинење.

***А-5-6-2-2 при ( излез) извоз од земјата***

Надлежниот царински орган ( излезна граничната царинска испостава) ја проверува презентираната оригинална дозвола за извоз (која претходно треба да е заверена од внатрешна царинска испостава каде е извршено извозното царинење) и ја споредува со другите приложени документи кон извозната царинска декларација. Доколку нема забелешки и неусогласености истата ја заверува (со број од контролникот за излез, датум и печат). Фотокопија се задржува во делот од декларацијата кој останува во царинската испостава, а оригиналниот заверен примерок директно се испраќа до Министерството за здравство.

***А-5-6-2-3 при транзит низ земјата***

При транзитната постапка меѓу други земји преку територијата на Република Македонија, за пратките со прекурзори задолжително на надлежниот влезен царински орган треба да му се приложи **дозвола за транзит** издадена од Министреството за здравство. Царинскиот орган дозволата ја споредува со другите приложени документи кон транзитната царинска декларација и доколку нема забелешки и неусогласености истата ја заверува (со број од контролникот за транзит, датум и печат). Заверената дозвола заедно со другите приложени документи, се праќа со делот од транзитната царинска декларација која ја прати стоката до

излезната гранична царинска испостава. Ако кон транзитната декларација не е приложена дозвола за транзит на прекурзори не смее да се дозволи нивно внесување во Република Македонија.

Излезната гранична царинска испостава треба да постапи како што е опишано во точка **А-5-6-2-2**

## А-5-6-3 Казнени одредби

Внесување, увозот, извозот и транзитот на прекурзори без дозвола од Министерство за здравсто е забрането.

## А-5-6-4 Преодни одредби

- Правните лица кои вршат промет со отрови, до денот на влегување во сила на овој Закон, продолжуваат да вршат промет со прекурзори наведени во член 3 од Законот за прекурзори (дадени во прилог на ова упатство) до усогласувањето на нивната работа со одредбите од овој Закон и прописите донесени врз основа на него.
- Правните лица кои вршат промет со отрови се должни да ја усогласат својата работа во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој Закон.
- Правните лица кои вршат промет со отрови се должни да поднесат барање за издавање на одобрение за вршење на промет со прекурзори во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој Закон.

## Прилог

Прекурзорите, согласно со ратификуваните меѓународни договори и меѓународните нормативи и стандарди, се распоредуваат во три категории :

1) **во првата категорија спаѓаат супстанциите** :

-1- Фенил-2- Пропанон ( Phenyl-2-Propanon) кој може да биде означен и како Фенилацетон( Phenylacetone) ;

- Н-ацетилантранилна киселина( N-acetylanthranilic acid) која може да биде означена и како 2-Ацетамидобензоева киселина ( 2-Acetamidobenzoic acid) ;

- Исосафрол ( цис и транс) ( Isosafrol ( cis+trans) ;

-3,4- Метилендиоксифенил пропанон (3,4- Methylenedioxyphenyl-propane-2-on) кој може да биде означен и како 1-(1,3-Бензодиоксол-5-ил) пропан-2 он (1-(1,3-Benzodioxol-5-yl) propan-2-one) ;

- Пиперонал ( Piperonal) ;

- Сафрол ( Safrol) ;

- Ефедрин ( Ephedrine) ;
- Псеудоефедрин ( Pseudoephedrine) ;
- Норефедрин( Norephedrine) ;
- Ергометрин ( Ergometrine) ;
-Ерготамин ( Ergotamine) ;
- Лизергинска киселина ( Lysergic acid) и
-солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно ;

2) **во втората категорија спаѓаат супстанциите** :

- Анхидрид на оцетна киселина ( Acetit anhydride) ;
- Фенилоцетна киселина ( Phenylacetic acid) ;
- Антранилна киселина ( Anthranilic acid) ;
- Калиум перманганат ( Pottasium permanganate)
- Пипередин ( Piperidine) и
- Солите на супстанциите наведени во оваа категорија кога постоењето на тие соли е можно и

3) **во трета категорија спаѓаат супстанциите** :

- Хлороводородна киселина ( Hydrochloric acid) која може да биде означена и како Водороден хлорид ( Hydgogen chloride) ;
- Сулфурна киселина ( Sulphuric acid) ;
- Толуен ( Toluene) ;
- Етил етер ( Ethyl ether) кој може да биде означен и како и како Диетил етер ( Diethyl ether) ;
- Ацетон ( Acetone) и
- Метил етил кетон ( Methylethylketone) ( MEK) кој може да биде означен и како Бутанон ( Butanone)

Прекурзорите од овој прилог од точка 2) алинеи 1, 2 и 4 и од точка 3) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 се распоредени и во група на отрови согласно со прописите за отрови.

Списокот на прекурзори е даден во Прилог 2 од Прирачникот за тарифа за чии промет е потребна дозвола од Министерство за здравство

## А-5-7 Внесување (превоз и транзит) на отрови

*Правна основа* Со Законот за промет на отрови ("Службен лист на СФРЈ" бр. 13/1991 год) и со Законот за превоз на опасни материи ("Службен лист на СФРЈ" бр. 27/1990 год.) е регулиран увозот, извозот, превозот и транзитот на отровите.

### А-5-7-1 ПОСТАПКА ПРИ ВНЕСУВАЊЕ (ПРЕВОЗ И ТРАНЗИТ ) НА ОТРОВИ

***Под отрови*** *се подразбираат супстанциите од природно или синтетичко потекло и препаратите произведени од тие супстанции кои, внесени во организмот или во допир со организмот можат да ги загрозат животот или здравјето на луѓето или штетно да делуваат врз животната средина (Член 2 од "Законот за прометот на отрови" Сл.лист на СФРЈ бр. 13/91).*

#### А-5-7-1-1 ВНЕСУВАЊЕ (ПРЕВОЗ) НА ОТРОВИ

За превоз на отрови преку државната граница или преку територијата на Република Македонија (увоз, извоз и транзит) е потребно **одобрение** што го издава **Министерството за здравство**, во согласност со Министерството за внатрешни работи.

По исклучок, помали количини отрови наменети за лабораториски и научно истражувачки цели, можат да се превезуваат преку територијата на РМ **без одобрение.**

Министерството за здравство пропишува кои количини на отрови се сметаат за помали количини, наменети за лабораториски и научно истражувачки цели (Член 51 од Закон за превоз на опасни материи Сл. Лист на СФРЈ 27/90).
Министерството за здравство за помали количини ги смета количините до 2 кг, односно 2 литри на единечно пакување.
Органите на царинската служба на граничните царински испостави не смеат да дозволат транспорт ( внесување) до внатрешните царински испостави без одобрение за превоз на отрови издадено од Министерството за здравство.
Органите на царинската служба на граничните царински испостави задолжително треба да извршат споредба на регистерските броеви на превозното средство наведени во транспортната дозвола односно спецификацијата (заверена во Министерството за здравство) со регистерските броеви на пристигнатите превозни средства.
Дозволата се смета ЕДИНСТВЕНО за важечка кога се работи за идентични регистерски броеви, како и името на превозникот.( услови кои треба да се исполнат согласно член 54в од Закон за превоз на опасни материи Сл. Лист на СФРЈ 27/90).

Со тоа се исполнети пропишаните услови (согласно АДР возило и превозник со АДР дозвола), за превоз на опасни материи.

## А-5-7-1-2 ТРАНЗИТ НА ОТРОВИ

За транзит на отрови преку територијата на РМ е потребно **одобрение** што го издава **Министерството за здравство**, во согласност со Министерството за внатрешни работи. (Член 51 Закон за превоз на опасни материи Сл. Лист на СФРЈ 27/90).

Министерството за здравство може по потреба да нареди превземање и на посебни мерки на безбедност при превозот на определен отров: правец на движење, придружба на испраЌачот или на превозникот, на полицијата или на санитарен инспектор **(член 53 од Закон за превоз на опасни материи Сл. Лист на СФРЈ 27/90).**

**Органите на царинската служба на граничните царински испостави** несмеат да дозволат транспорт на отровите преку територијата на РМ доколку не е обезбедена придружба, а истото е нагласено во транспортната дозвола.

**Во прилог 7 од Прирачникот за царинење даден е список на отрови кои можат да се стават во промет со Одобрение од Министерството за здравство** во согласност со Министерството за внатрешни работи .

За одредена категорија на отрови дадени во прилог забранет е прометот воопшто ( внесување, увоз )

**- алдрин,**

**- диелдрин,**

**- хексахлоробензен,**

**-хексахлороциклохексан(технички); сотрговско име ЛИНДАН.**

**Забраната важи за сите изомери освен гама изомерот.**

**- хептахлор,**

**- хлордан,**

**- хлордимеформ,**

**- лептофос,**

**- натриум флуорацетат,**

**- оловен арсенат и препарати произведени од тие материи.**

---

**-бензен и препарати во кои содржината на бензен изнесува повеќе од 1% зафатнина**

# А-5-8

## А-5-8-1 - Животна средина општо

Законот за животна средина кој е објавен во *" Службен весник на Р.М. број 53 од 2005 ӣодина"*, ги регулира правата и обврските на правните и физичките лица, како и надлежните органи во поглед на заштита и унапредување на животната средина. Заради заштита и унапредување на животната средина покрај примената на овој општ закон, ќе се применуваат и одредбите од повеќе поодделни законони за одредени области (закон за води; закон за воздух; закон за отпад; биолошлка разновидност и природно богатство, заштита на озонската обвивка и јонизиерачко и нејонизирачко зрачење и др).

Со законот за животна средина се предвидува забрана/ограничување на промет на одделни производи доколку со нив се загрозува животната средина и природата или здравјето на луѓето.

Забрана на внесување /увоз на:

- Отпадни, опасни, штетни и радиоакивни и отпадни материи
- Заштитени диви животни и растенија

- Според Законот за отпад постои забрана за извоз/увоз и влез во земјата на опасен отпад
- Исклучени од забрана можат да бидат отпади кои може безбедно да се рециклираат или реупотребат ако за истите Министертвото за животна средина издаде **дозвола /согласност за внесување /увоз /извоз**
- За прекугранично движење на отпад постои процедура на **Превоз со Известување/нотификација за прекугранично пренесување - врз основа на посебен формулар кој го издава Министертво за животна средина**
- Трговијата со заштитени диви видови на животни е регулирана со посебна дозвола ЦИТЕС која ја издава Министертвото за животна средина и просторно планирање

## **А-5-8-2** -Базелска Конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово складирање (Сл. Весник на РМ бр. 49/97)

*Правна основа* Врз основа на член 21 став 5 од Законот за заштита и унапредување на животна средина и просторно планирање ( Службен весник на РМ бр. 69/96,13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002), како и согласно Законот за ратификација на Базелската Конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово склдирање (Службен весник на РМ бр. 49/97), Министреот за животна средина и просторно планирање донесе Правилник за формата и содржината на обрасците за прекугранично пренесување на опасен отпад ( Службен весник на РМ бр. 37/2003)

### **А-5-8-2-1 Документи за прекугранична контрола на опасен отпад**

Како документи пропишани со горенаведениот правилник се:

- Известување за прекугранично движење на опасен отпад

  ( Прилог 1)
- Патен налог за прекугранично движење на опасен отпад

  (Прилог 2)

**А-5-8-2-2** При транзит на опасен отпад на влезната односно излезната гранична царинска испостава, кон ЕЦД за транзит или ТИР карнет треба да се приложат:

**-двата документи за известување ( Прилог 1 и Прилог 2),** кои треба да бидат пополнети на наведените обрасци (на македонски или англиски јазик). **Рубрика 24 и 25 од известувањето е потполнета од надлежен орган кој дава согласност за прекугранично движење на опасен отпад.**

Граничните царински испостави(влезна и излезна) при транзит на опасен отпад треба да изврши проверка на податоците наведени во овие два документи за известување, со останатите документи, фактура, ЦМР и сл и фактичка состојба при прегледот на стоката(број на товарно моторно возило, количина, вид на пакување и тн).

Доколку податоците од наведените документи се усогласени со прегледот во тој случај царинскиот орган (граничната царинска испостава) **го заверува патниот налог со број на транзитен документ ( ЕЦД или ТИР-карнет) датум, потпис и печат на влез или излез од царинското подрачје на РМ во (рубрите 26 или 27).**

Доколку постојат одредени неусогласености во поглед на наведените податоци, како и во случаите на постоење на сомнение за илегеален транзит на опасен отпад, потребно е царинската испостава да ги **извести инспекторите за животна средина при Министерството**

**D** Животни од Додаток И одгледувани во кафези за комерцијални цели и растенија од Додатокот И веШтачки размножувани за комерцијални цели, како и нивни делови и деривати, извезени според одредбите од член ВИИ, став 4 од Конвенцијата.

потпис на службеното лице што ја издава дозволата. Печатот, потписот и бројот на сигурносниот жиг мора да бидат читливи.

14. Пополнува службено лице кое врши инспекција на пратката во времето на увоз, извоз или реизвоз. Внесете ги количините на видовите кои се стварно увезени, извезени или реизвезени. Прецртајте ги неупотребените блокови.
15. Внесете го бројот на товарниот лист или авионскиот товарен лист доколку методот на транспорт бара користење на таков документ.

**Документот мора да биде напишан на еден од работните јазици на Конвенцијата (Англиски, Француски и Шпански) или мора да вклучи целосен превод на еден од овие три јазици. Извезените и реизвезените примероци не треба да стојат на ист документ, освен ако не е јасно наведено кои примероци се извезуваат, а кои се реизвезуваат.**

**ПО УПОТРЕБА ОВОЈ ДОКУМЕНТ МОРА ДА СЕ ВРАТИ КАЈ НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН НА ЗЕМЈАТА УВОЗНИЧКА**

## A-5-8-4 Заштита од јонизирачки зрачења и за нуклеарна сигурност

Според Законот за јонизирачки зрачења и нуклеарна сигурност забранет е внесување, увоз извоз и тарнзит на радиоактивен и нуклеарен материјал и отпадоци од овој вид на материјал, како и воопшто тела кои емитираат јонозирачки зрачења.

Со исклучок на определени количества кои се наменети во индустријата, медицината и за научни и истражувачки цели можат да се увезуваат извезуваат или транзитоираат само врз основа на дозвола од Дирекцијата за радиациона сигурност, како и врз основа на Лиценца на субјектите кои се овластени да вршат ваков вид на промет.

## A-5-8-4-1 Мерење на радијација на старо железо

Со допис бр. 13-3859/2 Министерството за животна средина и просторно планирање Царинската Управа известена е дека се спроведуваат засилени мерки за контрола на внесување на старо железо во Република Македонија во поглед на радиолошка исправност, согласно Законот за јонизирачко зрачење. При тоа е определено следното:

При внесување на старо железо Републички Завод за здравствена заштита Републички завод за здравствена саштита (Дирекција за радијациска сигурност) врши мерење на и издава ***Извештај за извршените мерења*** *на лице место на амбиентален дозен еквивалент на јонизирачко зрачење* (пример на Извештајот е дадено во Прилог на овој допис) од кој се гледа дека вредноста на извршеното мерење **е прифатлива за внесување /увоз на старо отпадно железо во Р. Македонија**. Без овој извештај не е дозволено царинење на предметната стока.

При **внесување на старо отпадно железо** во Република Македонија граничните царински испостави треба да ги упатуваат превозните средства за мерење на радиоактивно зрачење на првиот терминал и тоа:

**а) Во патниот сообраќај:**

- при внесување од ЦИ Блаци во ЦИ Терминал Скопје;
- при внесување од ЦИ Табановце во ЦИ Куманово;
- при внесување од ЦИ Деве Баир во ЦИ Деве Баир
- при внесување од ЦИ Ново Село во ЦИ Струмица
- при внесување од ЦИ Богородица во ЦИ Железничка станица Гевгелија
- при внесување од ЦИ Меџитлија во ЦИ Битола
- при внесување од ЦИ Ќафасан во ЦИ Струга

На останатите Царински испостави не се дозволува внесување на старо отпадно железо.

Доколку во горенаведените внатрешни царински испостави увозникот не поднесе соодветна царинска деклрација за увоз/транзит може да се одобри транзитна царинска постапка до друга внатрешна царинска испостава единствено доколку кон истата се приложи Извештајот за извршени мерење наведен во точка 1. Во овој случај фотокопија од Извештајот се задржува во ЦИ во која ќе започне транзитната постапка, а оригиналот од Извештајот се задржува во ЦИ во која ќе се изврши царинењето при увоз или реекспорт.

б) Во **железничкиот сообраќај** мерењата треба да се вршат во ЦИ Железничка станица Гевгелија при внесување на старо железо од Грција, ЦИ Табановце при внесување на старо железо од Србија и Црна Гора и во ЦИ Волково при внесување на старо железо од Србија и Црна Гора (во делот на Косово).

3. Во случаите кога при од извештајот за извршено мерење ќе се утврдки дека стоката не е прифатлива за увоз во Република Македонија треба да се постапи како со стока чиј увоз е забранет согласно член  85 точка а), алинеа 4, или член 87 точка 2), од Царинскиот закон и истата треба да се врати во странство.

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
*Одделение за радијациона дозиметрија*
ул. 50 Дивизија бр. 6, П.Фах 577, СКОПЈЕ
тел. (02) 226510/ лок. 202 факс. (02) 223354 e-mail. dozimetrija@hotmail.com

Бр.: РД-У/02 29-05-2002

# ИЗВЕШТАЈ

за извршените мерења на лице место на амбиенталниот дозен еквивалент на јонизирачко зрачење

| | |
|---|---|
| ПРИМЕРОК/МАТЕРИЈАЛ: | **Старо отпадно железо** |
| Датум на мерење: | **24-05-2002** |
| Вид на транспорт: | Камион SK 058 KJ |
| Декларирана количина: | / |
| Дистрибутер: | "Секунда суровина",у-и, Скопје, Петровец, ул. 22 бр 33 |
| Увозник: | Макстил - Скопје |
| Место на мерење: | Терминал - Фершпед, Скопје |
| Потекло на материјалот /примерокот: | СР Југославија / Косово / |

## Р Е З У Л Т А Т

| Реф. бр. | Измерена вредност H* ( μ Gy/h ) | Прифатлива вредност за увоз на старо отпадно железо во Р.Македонија H* ( μ Gy/h ) |
|---|---|---|
| SK 058 KJ | 0.15 | 0.08 - 0.25 |

**Резултатите се лимитирани на местото и датумот на извршените мерења*

*Дозиметрист*

Зденка Стојановска,дипл.инж.физ.

Борче Андоновски, техн.

Началник на Одделение за радијациона дозиметрија

## Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје) А-5-9

### А-5-9-1 - Вооружување(воена опрема, стопански експлозив, ловечко оружје и нивна муниција)

*Правен основ* Според Законот за вооружување и воена опрема како и Законот за оружје прометет со оружје и воена опрема ( внесување, увоз, извоз и трансит ) се врши **со Дозвола од Министертвото за одбрана/Министертвото за внатрешни работи.**

Правен субјект за да може да врши промет и производство на оружје, воена опрема и мора предходно да добие согласност од Министерство за економија врз основа на прегходно добивање на мислење од Министертво за одбрана и Министерство за внатрешни работи.

**А-5-9-1** Царинската постапка, царинскиот надзор на вооружување и воена опрема која се увезува или извезува се врши кај производителот, увозникот или кај Министертвото за внатрешни рабити, односно Министертвото за одбрана. Царинскиот надзор се врши во присуство на претставник од Министертвото за внатршни работи или Министертвото за одбрана.

Физичко лице може да внесе ( увезе) оружје за свои потреби доколку има дозвола за увоз од Министертво за внатрешни работи

***Д7*** - Дозвола за внесување/увоз од Министерство за одбрана за тешко и лесно оружје и воена опрема за свои потреби

**Д7** -Дозвола за внесување/ увоз од Министерство за внатрешни работи за вооружување и експлозивни матрии за комерцијална намена

### А-5-9-2 Хемиско оружје

Во Република Македонија забрането е производство и промет на сите средства на вооружување и воена опрема чија употрена е забранета според мегународни конвенции. Република Македонја ја има ратификувано Конвенцијата за забрана на произвопдство, складирање и промет на хемиско оружје.

## Информација за постапување со опасни материи

### А-5-10-1 ОПШТО

Согласно одредбите од Законот за превоз на опасни материи (Сл.лист на СФРЈ бр. 27/90) и Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи во патниот сообраќај (АДР) од 1957 година, а со оглед дека царинските работници во делокругот на своето работење секојдневно доаѓаат во контакт со опасни материи, а имајќи ги во предвид физичко-хемиските особини на опасните материи што се превезуваат, а се со цел избегнување на можноста од експлозија, пожар, истурање на опасни материи или друга хаварија за да не дојде до загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните блага и безбедноста на сообраќајот, Царинската управа ги дава следните напатствија:

Претпријатијата и другите правни лица и поединци кои превезуваат или предаваат на превоз опасни материи и вршат дејствија во врска со тој превоз, како и поединци кои во текот на превозот непосредно ракуваат или на друг начин доаѓаат во допир со опасни материи, се должни да превземаат превентивни и заштитни мерки со кои се обезбедува заштита на животот и здравјето на луѓето, на животната средина или материјалните добра односно безбедност на сообраќајот.

При внесувањето на опасни материи истите мора да бидат пропратени со документ за превозот на истите кој го издава Министертво за транспорт и врски, во соработка со Министертво за внатрешни работи (согласно АДР конвенцијата). Освен тоа за одредени видови на опасни материи: потребнни се одобренија од надлежни органи (на пример за експлозиви одобрение од Министертво за внатрешни работи; за отрови -Одобрение од Министрство за здравство; за радиоактивни материи -Одобрение од Дирекција за радиациона сигурност и тн).

При превозот на опасни материи возилото односно товарот, или неговата амбалажа треба да е означена со соодветни меѓународни ознаки за опасност.

### А-5-10-2 ВИДОВИ ОПАСНИ МАТЕРИИ

Опасните материи се делат на следните класи:

Класа 1а - Експлозивни материи;
Класа 1б - Предмети полнети со експлозивни материи;
Класа 1в - Средства за палење, огнометни предмети и други предмети;

Класа 2 -Збиени гасови, гасови претворени во течност и гасови растворени под пристисок;
Класа 3 - Запални течности;
Класа 4.1- Запални цврсти материи;
Класа 4.2- Материи склони кон самопалење;
Класа4.3- Материи што во допир со водата развиваат запални гасови;
Класа 5.1- Оксидирачки материи;
Класа 5.2- Органски пероксиди;
Класа 6.1- Отрови;
Класа 6.2- Гадни и заразни материи;
Класа 7 - Радиоактивни материи;
Класа 8 - Корозивни (нагризувачки) материи;
Класа 9 - Други опасни материи (азбест, сув мраз, магнетни мате-ријали и сл.).

## А-5-10-3 ОЗНАКИ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Во прилог на дописот Ви доставуваме **ОЗНАКИ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ**, кои најчесто се среќаваат во царинската постапка

## Налепници за опасност и Кемлерови таблички кои се употребуваат во превози согласно АДР Спогодбата

### Класа 1 - Експлозивни материи:

Во зависност од подгрупата, се поставува една од следните налепници:




### Класа 2 - Гасови:

Ако гасовите се и запалливи, се поставува црвената налепница, со бројот 2 во долната половина.
Ако гасовите се отровни, се поставува белата налепница со бројот 2 во долната половина




### Класа 3 - Запалливи течности

(линиите може да бидат црни или бели):




### Класа 4 - Други запалливи материи:

Класа 4.1- Запалливи тврди материи          Класа 4.2 - Самозапалливи материи



Класа 4.3 - Материи опасни во контакт со влага
(линиите може да бидат црни или бели)







## **Класа 5 - Оксиданти и органски пероксиди:**

Класа 5.1 - Оксиданти




Класа 5.2 - Органски пероксиди




## **Класа 6  Отровни и заразни материи**

Класа 6.1 Отровни материи



Класа 6.2 - Заразни материи



## Класа 7 - Радиоактивни материи

Може да се стави една од следните налепници, во зависност од транспортниот индекс (I, II или III)










## Класа 8 - Корозивни материи материи




## Класа 9 - Други опасни



# <u>Кемлерови таблички:</u>

Моторното возило, приколката, полуприколката или друго возило со кое се превезуваат опасни материи мора да биде означено со таблички со правоаголна форма со големина од 400 x 300 mm, со портокалова боја, со црн раб со максимална широчина од 15 mm.
Портокалова табличка може да биде празна, или да биде оформена, што значи на неа да се впишани и одредени броеви, кои се одделени меѓу себе со хоризонтална црта. Во тој случај во горната половина на табличката се впишува бројната ознака на опасноста, а во долната половина - бројната ознака на опасната материја (со 4 цифри). Вака пополнетите таблички за опасност се наречени "Кемлерови таблички":

Ознака на опасноста
( Кемлеров број)

ОН број на материјата
(секоја опасна материја има
единствен ОН број).




**Бројната ознака на опасноста** (горниот број) се состои од цифри (две или три цифри), односно од буква и цифри.

**Првата цифра** ја означува главната опасност, и тоа по следната класификација:

2 Гас
3 Запалливи течни материи
4 Запалливи цврсти материи
5 Оксидирачки материи или органски пероксиди
6 Токсични (отровни) материи
7 Радиоактивни материи
8 Корозивни (нагризувачки) материи

Втората и третата цифра ја означуваат дополнителната опасност или интензитетот на реакција според следната класификација:

0 Без значење
1 Опасност од експлозија
2 Ослободување на гасови поради притисок или хемиски реакции
3 Запалливи течности (піреа) или гасови
5 Оксидирачко дејство
6 Отровност (токсичност)
8 Корозивност
9 Опасност од спонтана бурна реакција при разложување или полимеризација

Кога видот на опасноста може да се означи само со една цифра, зад неа следи цифрата **0** (на пример: **20 -** инертен гас, **30** - запаллива течност).
Доколку видот на опасноста е означен со две исти цифри, значи дека главната опасност е <u>многу изразена</u>: (**33** означува **лесно** запаллива течност; **66** означува **многу** отровна материја; **88** означува **многу** корозивна материја).
Буквата **"X"** пред бројната ознака означува дека опасната материја **не смее да дојде во допир со вода**, ниту во случај на пожар или незгоди на возилото или товарот.

Некои од идентификационите броеви на опасност (шифрата на основната опасност), го имаат следното значење:

**22** Оладен втечнет гас
**33** Лесно запалливи течности (температура на палење под $21^{o}$C)
**X423** Запаллива тврда материја која реагира опасно со вода ослободувајќи запалливи гасови
**558** Многу оксидирачка материја која е и корозивна
**638** Отровна материја, запаллива (точка на палење помеѓу $23^{O}$C и $61^{O}$C), корозивна
**76** Радиоактивна материја, отровна
**842** Корозивна тврда материја која реагира со вода ослободувајќи запалливи гасови

**ОН** бројот на материјата (четирицифрениот број во долната половина) го означува бројот за идентификација на опасната материја кој е единствен за секоја позната опасна материја.

## A-5-10-4 ПОСТАПУВАЊЕ СО ОПАСНИ МАТЕРИИ

### A-5-10-4-1 Постапување на гранични Царински испостави каде има терминали

Шефовите во внатешните и граничните Царински испостави каде има царински терминали, треба да ги известат одговорните лица за стопанисување со царинските терминали, таму каде што постојат реални услови за тоа да се превземат активности во насока:

1.Превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи **да бидат паркирани на посебно за тоа одредено (обележано) место;**
2. Во непосредна близина на одреденото место каде се паркираат превозните средства што превезуваат стока т.е. опасни материи **да има задолжително соодветна според позитивните законски прописи ХТЗ опрема**.
3. Превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи **да бидат издвоени на соодветно безбедно растојание од другите превозни средства** што превезуват друга стока.

### A-5-10-4-2 Постапување на граничните премини:

1. Превозните средства кои превезуваат опасни материи на граничните премини на влез и на излез, треба **да бидат на соодветно растојание од останатите возила,** во соработка со одговорното лице на преминот за регулирање и безбедност на сообраќајот на граничниот премин-МВР, за да се превземат соодветни мерки во таа насока како не би дошло до евентуално несакани последици;
2. Царинските работници на граничните премини на влез и на излез, по потреба зависно од временските услови (високи температури и сл.) да дадат приоритет на превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи;
3. На граничните премини каде за тоа постојат услови, Шефот на Царинската испостава треба да одреди **посебна лента за контрола на превозните средства** кои превезуваат стока т.е. опасни материи, во соработка со одговорното лице на преминот за регулирање и безбедност на сообраќајот на граничниот премин-МВР, за да се превземат соодветни мерки во таа насока;
4. На граничните премини во непосредна близина на местото каде се врши контрола на превозните средства кои превезуваат стока т.е. опасни материи **да има соодветна според позитивните законски прописи ХТЗ опрема.**

Шефовите на Царинските испостави се задолжени со наведената информација да ги запознаат сите царински работници.

За превземените и реализирани активности, како и утврдените недостатоци од страна на одговоарните лица на МВР на граничните премини и одговорните лица за стопанисување со царинските терминали, Шефовите на ЦИ се должни да го известат Секторот за царинско правни работи при Царинската управа во рок од 15 дена.

### А-5-10-5 БЕЗБЕДНОСТ НА ЦАРИНСКИ РАБОТНИЦИ

1. Царинските работници кои доаѓаат во контакт со стока т.е. опасни материи во текот на своето работење, **да внимаваат како на својата лична безбедност** така и на безбедноста на другите непосредно вклучени лица;
2. Царинските работници во одредени случаи кога доаѓаат во контакт со стока т.е. опасни материи можд да побараат согласно ЦЗ и помош од страна на вешто лице.

## А-5-10-6 Известување за опремата која е потребна за возачот и возилото при домашни и меѓународни превози на опасни материи

Врз оснвоа на Законот за превоз на опасни материи (Службен весник на СФРЈ бр. 45/90 и Службен весник на РМ бр. 12/93), Европската спогодба на меѓународен патен превоз на опасни стоки (АДР) и дописот број 09-032 од 25.05.2005 година добиен од Стопанската интересна заедница за патен транспорт А.М.Е.Р.И.Т „Македонија сообраќај„ - Скопје, Царинската управа Ве известува дека при домашни и меѓународни превози на опасни материи опрема која е потребна за возачот и возилото е следна:

### А-5-10-6-1 Опрема за возилото:

- најмалку еден клан за подметнување под тркалата (клоцна);
- два триаголника;
- две трепкачки лампи со црвена или портокалова боја, со напојување независно од напојувањето на возилото;
- еден противпожарен апарат со два килограми сув прав;
- по еден противпожарен апарат со шест килограми сув прав за секоја возна единица од комбинацијата на возила;
- Опрема за собирање на истечените материи. Обично во оваа опрема спаѓаат вреќи песок или струготини, алуминиумска лопата, алуминиумска или пластична канта и метла.

### А-5-10-6-2 Опрема за возачот:

- пластичен шлем за индустриска употреба;
- гумени ракавици;

- пластични очила со странична заштита;
- гумени чизми или чевли со челичен врв;
- сигнален елек со флуоросцентни ленти;
- пластични или алуминиумски батериски лампи.

Ако се превезуваат корозивни материи во опремата треба да има и шише со течност за плакнење на очите. Ако се превезуваат отровни материи опремата треба да има и заштитна маска со соодветен филтер.

# Девизи и пари
## А-5-11

*Упатство за внесување и изнесување на домаШни и странски пари, чекови и монетарно злато во патничиот промет*

*Правна основа* ***Согласно Законот за девизното работење (Службен весник 34/2001; 49/2001; 54/2001; 84/2001; 103/2001; 54/2002; 70/2002; 77/2002 и 13/2003) и Законот за спречување на перење на пари ( службен весник на РМ бр. 70/2001) Царинската управа го дава следното упатство:***

А-5-11-1 Поим резиденти и нерезденти

Резиденти :

- **трговски друштва, трговци поединци и други правни лица со седиште во Република Македонија и нивни представништва во странство, освен нивни подружници во странство;**
- **подружница на странски друштва запишани во трговскиот регистар во Република Македонија;**
- **физички лица кои самостојно вршат дејност како занимање со постојано место на живеење во Република Македонија;**
- **физички лица со постојано место на живеење во Република Македонија;**
- **физички лица кои привремено престојуваат во Република Македонија врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку шест месеци;**
- **дипломатски, конзуларни и други представништва на Република Македонаија во странство кои се финансираат од буџетот на Република Македонија, како и врабитените во тие представништва и членови на нивните семејства.**

Нерезиденти **се сите други лица кои не се дефинирани како резиденти**

## А-5-11-2 ВНЕСУВАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНИНИ СТРАНСКИ И ДОМАШНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,ЧЕКОВИ И МОНЕТАРНО ЗЛАТО

### *А-5-11-2-1 Внесување на странски парични средства и чекови*

•Внесување на странски парични стредства и чекови од резиденти

Резидентите можат слободно да внесуваат ефективни странски пари во висина до 10.000 ЕВРА, а над 10.000 ЕВРА внесувањето е дозволено, меѓутоа резидентот е ДОЛЖЕН истите да ги пријави на надлежниот царински орган. Внесувавањето на ефективни странски пари над 10.000 Евра се врши во согласност со одредбите на Законот за спречување на перење на пари ( според постапка пропишана во точка 6 од ова упатство).

• Внесување на странски парични стредства и чекови од нерезиденти

Нерезидентите можат слободно да внесуваат во Република Македонија ефективни странски пари и чекови во вкупен износ до 2.000 ЕВРА **( без обврска за пријавување).**

Нерезидентите при влегувањето **во Република Македонија** СЕ ДОЛЖНИ ДА ГО ПРИЈАВАТ **на царинските органи износот на ефективните странски пари и чекови** над 2.000 ЕВРА кој го внесуваат, **при што** задолжително добиваат писмена ПОТВРДА од царинските органи**. (Прилог 1). При излегувањето од Република Македонија нерезидентите се должни да ја дадат на увид на царинските органи** писмената ПОТВРДА**. Износот кој нерезидентите го изнесуваат од Република Македонија не може да биде поголем од пријавениот износ при влегувањето во Република Македонија, односно од износот наведен во писмената** ПОТВРДА **издадена од Царинскиот орган при влез во земјата.**

**Во случаите кога** нерезидентите **со пријавување внесуваат ефективни странски пари во износ** над 10.0000 ЕВРА се применуваат одредбите од Законот за спречување на перење на пари ( според постапка пропишана во точка 6 од ова упатство).

• Изнесување на странски парични средства и чекови од резиденти

Резидентите можат слободно да изнесуваат **од Република Македонија ефективни странски пари и чекови во вкупен износ до** 2.000 ЕВРА**(без обврска за пријавување и без обврска за презентирање на потврда за обезбедени девизни средства од банка или менувачница).**

**(На пример: 2.000 Евра во готовина или 1.000 Евра во готовина и 1000 Евра во чекови итн.)**

Резидентите СЕ ДОЛЖНИ **при патување во странство, вкупниот износ на ефективни странски пари и чекови** над 2.000 до 10.000 ЕВРА ДА ГО ПРИЈАВАТ на царинските органи при излегувањето од Република Македонија **(со презентирање на потврда од овластена банка или менувачница за купени странски пари или потврда од банка за подигнати девизи од девизна сметка или девизна книшка). Потврдата е со важност до првото преоѓање на границата, а најдоцана до 90 дена од денот на издавањето.**

Резидентите **кои патуваат во странство на службен пат имаат право да изнесуваат ефективни странски пари и чекови во износ над** 2.000 до 10.000 ЕВРА, **врз основа на налог за извршување на дознака во странство (образец 1450) утврден со Одлука за патување во странство, во која се назначени: земја во која се патува, цел на патувањето, колку лица патуваат, време на престој во странство, како и висината на потребните средства за престој на службениот пат.**

**Изнесувањето на ефективни странски пари** над 10.000 ЕВРА **од страна на** резиденти е забрането**.**

•Изнесување на странски парични средства и чекови од нерезиденти

Нерезидентите можат слободно да изнесуваат од Република Македонија ефективни странски пари и чекови во вкупен износ до 2.000 ЕВРА.**( без обврска за пријавување).**

При излегувањето од Република Македонија нерезидентите СЕ ДОЛЖНИ да ја дадат на увид на царинските органи писмената **ПОТВРДА**, која ја добиле од царинскиот орган при влаз во Република Македонија, при пријавување на ефективни странски пари и чекови над 2.000 ЕВРА**.** Износот кој нерезидентите го изнесуваат од Република Македонија не може да биде поголем од пријавениот износ при влегувањето во Република Македонија, односно од износот наведен во писмената ПОТВРДА издадена од Царинскиот орган при влез во земјата.

*А-5-11-3 Внесување и изнесување на денари од резиденти, нерезиденти и Народна банка на РМ*

- **Резиденти и нерезиденти** можат **во патничкиот промет со странство да** внесуваат или изнесуваат **во и од Република Македонија ефективни денари во износ до** 120.000,00 денари **по лице.**

- **Работници кои работат во вагон ресторани и бифиња во возови на македонската железница во меѓународниот сообраќај,** можат во неограничен износ да ги изнесуваат и внесуваат **во Република Македонија ефективните денари наплатени од домашни и странски лица на територијата на Република Македонија за продадена домашна стока (прехрамбени продукти, освежителни пијалоции, безалкохолни пијалоци, десерти, цигари и др) во тие ресторани и бифиња.**

- **Народна банка на РМ може да издаде** одобрение за изнесување **од Р.Македонија, преку поштенски и други пратки за ефективни денари под следните услови:**

  **-ефективни денари само за нумизматички и колекционерски цели во сите апоени**

  **-ефективни денари потребни за тестирање на автомати за броење на книжни и ковани пари, а по извршеното тестирање, најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на приемот на денарите, ќе се изврши враќање на истите**

**Внесувањето и изнесувањето на ефективни денари за Народна Банка на РМ може да врши само лице врз основа на** писмено овластување **од Народна Банка на РМ.**

*А-5-11-4 Внесување и изнесување на монетарно злато и пригодни ковани пари*

А-5-11-4-1 **Монетарно злато ( е злато што е предмет на монетарни резерви на земјата, кое не може да биде предмет на купопродажба и истото може да биде во различни форми како на пример: златни шипки, полуги или гранули) во Република Македонија** може да внесе и изнесе само Народна Банка на Република Македонија**, врз основа на** ПОТВРДА **издадена од овластенао лице на Народна банка на Република Македонија.**

А-5-11-4-2 Пригодни ковани пари издадени во Р.Македонија резиденти и нерезиденти можат да ги внесуаат во Р.Македонија без ограничување, меѓутоа истите **СЕ ДОЛЖНИ** да ги пријават на надлежниот царински орган.

Пригодни ковани пари се изработуваат за одредени јубилеи и истите се исковани од различни материјали како: злато, сребро, посебни легури за ковани пари во оптек или нумизматика. Златните ковани пригодни монети се изготвуваат врз основа на Одлука на Влада на РМ. Пригодните ковани монети ги издава Народна банка на Р.М. и истите можеда се ги продаваат на колекционери во земјата или странство или на деловните банки за понатамошна продажба. Изнесувањето на пригодни ковани пари од земјата може да се врши само со сметка на овластен продавач за нивно купување во Р. Македонија - Народна Банка или деловни банки во земјата, односно врз основа на издадена потврда од царински орган, доколку истите биле предходно внесени во земјата и пријавени при нивното внесување во земјата.

**Сите постари нумизматички примероци на стари ковани монети може да се изнесат од земјата само врз основа на** одобрение **издадено од** Министерството за култура во соработка со музеите на Р.Македонија.

**А-5-11-5 ДЕВИЗНИ ПРЕКРШОЦИ**

При преминот на државната граница резидентите и неризедентите **СЕ ДОЛЖНИ** да го пријават износот на домашни и странски парични средства, чекови, пригодни ковани пари и монетарно злато (*согласно Законот за девизно работење*). Според тоа како девизен прекршок ќе се смета секое **непријавување** на домашни и странски парични средства, чекови, пригодни ковани пари или монетарно злато над износите кои се дозволени или кои воопшто не се дозволени за внесување и изнесување од страна на резидентите и нерезидентите при преминот на

државната граница (***согласно член 56 точка 32 од Законот за девизно работење*)**.

Во патничкиоит промет во случај на**:**

***непријавување од страна на****:*

- резиденти кои внесуваат во РМ ефективни странски пари и чекови во вкупен износ над 10.0000 Евра

**-**нерезидентите **кои** внесуваат или изнесуваат во и од РМ **ефективни странски пари и чекови во вкупен износ** над 2.000 ЕВРА

**-** резиденти **кои изнесуваат од РМ ефективни странски пари и чекови во вкупен износ** над 2.000 ЕВРА

**-** резиденти и нерезиденти **кои внесуваат или изнесуваат во и од РМ, ефективни денари во износ над** 120.000,00 денари

**- внесување или изнесување монетарно злато без потврда од Народна Банка**

- резиденти и нерезиденти кои изнесуваат пригодни ковани пари, без сметка на овластен продавач, односно одобрение од Народна банка, а за примероци на стари монети без одобрение од Министрество за култура

царинскиот работник треба да сочини:

- **Записник за привремено одземање на средства за плаќање во патничиот промет** (согласно член 56 став 1 точка 32 од Законот за девизно работење), кој заедно со еден примерок од спецификацијата и Барањето за поведување на прекршок се доставува до надлежниот суд. ( Прилог 2).

Записникот за привремено одземање на парични средства и монетарно злато во патничиот промет се сочинува по откривањето на девизниот прекршок. Го сочинува царинскиот работник, кој го открил девизниот прекршок, а го потпишува царинскиот работник, сторителот на прекршокот и ако има присутно лице-сведок.

Записникот треба да содржи покрај податоци: за ЦИ, датум на составување, податоци за прекршителот (име татково име и презиме, адреса на живеење, матичен број, број на патна исправа), износ и вид на валута, како и информација за начин на пронаоѓање на паричните средства, односно дали паричните средства се дополнително ставени на увид од страна на патникот, при контрола и распит од страна на царинскиот службеник, или се пронајдени со претрес, преглед на предметните или

возилото со кое патувал (со точен опис на местото каде се пронајдени), како и изјава од прекршителот.

Записникот се сочинува во четири примероци. Еден примерок се доставува на прекршителот, еден примерок до надлежниот суд, еден примрок заедно со барањето и спецификацијата се доставува до Одделението за царински прекршоци при Царинската Управа, а еден останува во царинската испостава.

- **Спецификација** на привремено одземени парични средства, чекови и монетарно злато, која треба да соджи:

- за ефективни домашни или странски пари: назив на валутата, износ по апоени, сериски број и вкупрен износ

- за чекови: назив на издавачот, поединечен износ на чековите и на која валута гласат, сериски и контролен број на чековите и вкупен износ по валути

Спецификацијата се сочинува во четири примероци: еден за прекршителот, еден за Народна банка на РМ, еден примерок се приложува заедно со Записникот за девизен прекршок и се доставува до надлежниот суд и еден примерок останува во Царинската испостава.

Привремено одземаните ефективни домашни и странски пари, чекови ( над пропишаниот дозволен износ) и монетарно злато, заедно со еден примерок од Записникот за девизен прекршок и еден примерок од спецификацијата се депонираат во Народна Банка на РМ, до решавање на девизниот прекршок од страна на надлежниот суд.

- **Барање за поведување на прекршок** според Закон за девозно работење ( Прилог 3), кое се составува во четири примероци (два примерока заедно со Записникот и спецификацијата се поднесува до надлежниот суд, еден примерок се задржува во испоставата, а еден примерок се доставува до Одделението за царински прекшоци при Царинската Управа).

За девизните прекршоци одучува надлежниот суд.

За девизните прекршоци покрај парична казна се изркува и мерка за безбедност одземање на предметите, со кои бил извршен прекршокот или кои биле наменети за извршување на прекршокот или што настанале со извршување на прекршокот. Ова се однесува на случите кога девизниот прекршок бил откриен при претрес на патникот или неговите предмети.

Доколку девизниот прекршок бил откриен со претрес на превозно средство на патникот, за истиот може да се изрече мерка за безбедност одземање на превозното

средство, ако неговите тајни односно скриени места биле користени за сокривање на предметот на прекршокот и ако вредноста на предметотот на прекршокот е поголема од една третина од царинската основица на превозното односно преносното средство (*согласно член 56 од Законот за девизно работење*).

**Во случаите** *на пријавување* **над пропишаните дозволени износи на од страна на:**

**-** резиденти **кои изнесуваат од РМ ефективни странски пари и чекови во вкупен износ** над 4.000 ЕВРА **со и без доказ за потеклото на истите**

**-** резиденти и нерезиденти **кои внесуваат или изнесуваат во и од РМ, ефективни денари во износ над** 20.000,00 денари

царинскиот службеник не треба истите да ги одземе и не треба да сочинува Записник за девизен прекршок, ако патникот уредно ги пријави на царинскиот орган при преминот на државната граница. Царинскиот службеник во вакви случаи ќе му наложи на патникот предметните парични средства (над пропишаните дозволени износи) да ги врати, односно царинскиот службеник НЕ СМЕЕ ДА МУ ДОЗВОЛИ на патникот истите да ги внесе или изнесе од земјата. Доколку царинскиот службеник тоа го дозволи ќе сноси дисциплинска одговорност.

Депонирање на привремено одземени средства предмет на девизен прекршок

При откривање на девизен прекршок во патничкиот промет, привремено одземените парични средстав (домашни или странски), чекови или монетарно злато царинскиот работник е должен да ги депонира во Народна банака на РМ и тоа во следните градови**: Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Охрид, Тетово, Куманово, Штип, Кочани и Струмица.** Дисперзираните трезори работат секој работен ден од понеделник до петок од 8 - 16 часот.

Средствата кои се привременмо одземенио се депонираат во рок од 5 работни дена од денот на одземањето, а во случаи кога прекршителот е странско лице постапката е итна.

При депонирање на привремено одземените парични средства (домашни или странски), чекови или монетарно злато се сочинува **Записник за депонирање на привремено одземени средства** *(согласно Правилникот за начинот и постапката за депонирање и враќање,*

*односно издавање на привремено одземените предмети службен весник на РМ бр. 84/2001)* и Спецификација

**Записникот** ( Прилог 6) треба да содржи:

- назив на депонентот
- датум на депонирање на средствата
- присутни лица и својтво
- за привремено одземени средства од физички лица-резиденти и нерезиденти се внеуваат следните податоци: име презиме, адреса и место на живеење, единечен матичен број на физичкото лице, број на лична карта и од кого е издадена, или број на патна испава и каде е издадена
- за привремено одземени средства од правните лица-резиденти и нерезиденти се внеуваат следните податоци: име на субјектот, адреса и седиште, број на решение од трговски регистар, односно решение за упис од надлежен орган и даночен број
- вкупен износ на ефективни домашни или странски пари, ознака на валута; број и вредност на чековите, нивен издавач и на која валута гласат; вкупна тежина и чистота на монетарно злато.

## А-5-11-6 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ

*Правен основ* ***Согласно Законот за спречување на перење на пари (Сл.весник 70/2001)*** **кој е во примена од 01.03.2002 година,** Царинската Управа на Република Македонија укажува на доследна примена на истиот :

Имено согласно одредбите на Законот за спречување на перење на пари Царинската Управа на Република Македонија, е еден од субјектите кои имаат обврска да го применуваат Законот .

Царинската Управа на РМ задолжително го евидентира секое **внесување и изнесување на готови пари** преку царинската линија на Република Македонија, кое го надминува со закон дозволениот максимум. Внесувањето и изнесувањето на готови пари преку царинската линија на Република Македонија **над 10.000 ЕВРА**, се пријавува до Дирекцијата за спречување на перење пари, доколку постои сомневање во намерата за внесувањето.*( согласно член 13 ).*

Тоа значи дека сите царински работници кои работат во граничните царински испостави имааат обврска секое внесување и изнесување на готови пари во Република Македонија во вкупен износ поголем од 10.000 ЕВРА да го евидентираат, да го пополнат образецот

( прилог 4 ) во два примерока и еден примерок веднаш да испратат до Диракцијата за спречување на перење на пари, на следната адреса:

**ул. Вељко Влаховиќ бр. 11, Технометал Вардар**

**1000 Скопје**

Пополнетиот образец (вториот примерок) редоследно треба да се евидентира во контролник , чии изглед е даден во ( прилог 5).

Царинската управа на РМ е должна да ги чува сите евидентирани податоци за внесување или изнесување на парични средства преку царинската линија над дозволениот износ од 10.000 ЕВРА, најмалку пет години од денот на извршениот пренос. *( согласно член 16 став 3 од Законт за спречување на перење на пари).* Тоа значи дека Царинската испостава каде се пријавени готови парични средства за внасување или изнесување од територијата на РМ има обврска да ги архивира и чува обрасците и контролниците во рок од пет години од денот на евидентирањето.

Прилог: 6

Република Македонија
Министерство за Финансии
Царинска Управа на РМ
Царинарница ____________
Ц .И.____________________
Бр. _____________________
Датум___________________

ДО
НАРОДНА БАНКА НА Р.М
Трезор __________________

**Записник за депонирање на привремено одземени средства**

Врз основа на Записник за девизен прекршок бр.___________од _____________,на име ________________________________________________ со постојано место на живеење во ____________, со адреса ___________________________________________________________, поседува патна исправа бр. ___________________ издадена од ____________, со ЕМБГ__________________________.

Предмет на девизен прекршок е: ____________(износ) _________( валута).

Во прилог на Записникот, Ви доставуваме:
- фото копија од Записник за девизен прекршок
- спецификација за привремено одземени средства

**Датум** **Шеф на ЦИ** ___________

_________________

**Лице кое депонира**

______________________ _________________

**( потпис и печат )**

---

Горенаведените средства се примени во трезорот на Народна Банкана РМ, од овластено лице

**Овластено лице**

____________________

**( потпис и печат)**

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
ЦАРИНАРНИЦА _____________

Царинска испостава______________

Број__________од ______200__година

До
Основен суд____________________

Врз основа на член 10 став 1 алинеа 5 од Законот за Царинска Управа и член 48 став 2 од Законот за прекршоците, поднесуваме:

**БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

ПРОТИВ:_____________________________________________________
***(назив и адреса на резидент или нерезидент)***
ЗАТОАШТО:
**На ден____________во_______часот, при _____________Република Македонија, преку граничниот царински премин________________________ пријавил/ не пријавил парични средства: денарски / девизни / чекови во износ од __________________, за кои средства не поседувал потврда за потекло на истите.**

**Со горе опишаното дејание пријавениот сторил прекршок од член 56 точка 32 од Законот за девизно работење и предметот го доставуваме на понатамошна постапка.**

ПОРАДИ КОЕ
ПРЕДЛАГАМЕ:

**Насловениот суд како стварно и месно надлежен да покрене прекршочна постапка против пријавеното лице за прекршокот кој му се страва на товар и по негово сослушување и изведување на приложените докази кон барањето, да биде огласен како виновен и казнет со парчна казна предвидена за ваков вид девизен прекршок.**

**Согласно член 57 став 2 и 3 од Законот за девизно работење на пријавениот да му биде изречена и заштитна мерка одземање на паричните средства: денарски / девизни / чекови, со кои сторил прекршок кој му се става на товар.**

**По писменото изготвување на Пресудата, првостепениот суд да достави еден примерок до Царинската Управа на Република Македонија, на адреса: ул. "Лазар Личеноски" број 13, заради евентуално вложување на жалба од наша страна.**

**Во прилог Ви доставуваме:**

**-Записник за девизен прекршок**

**-Специпификација за привремено одземени парични средства/чекови**

Шеф на ЦИ ____________________